**ПОТПИШАНА СПОГОДБА ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ХРВАТСКАТА И МАКЕДОНСКАТА ПЛАТЕЖНА АГЕНЦИЈА**

Меѓународната билатерална соработка за унапредување на понатамошниот развој на добрите односи и заедничкото јакнење на капацитетите од областа на претпристапниот и пристапниот процес кон Европската Унија е особено значајна за постигнување на висока искористеност на фондовите од Европската унија.



За таа цел Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на Република Македонија, денес склучи Спогодба за соработка со Агенцијата за плаќања во земјоделството, рибарството и руралниот развој на Република Хрватска.

Со спогодбата директорите на двете агенции г-дин Тони Димовски и г-ѓа Аница Лучевиќ ја формализираа интензивната соработка помеѓу Република Македонија и Република Хрватска во сферата на финансиската поддршка во земјоделскиот сектор.



Агенциите се договорија да ја унапредат заедничката соработка и да ја зајакнат размената на знаење и искуство во областа на користењето на претпристапните фондови за рурален развој од ЕУ со цел остварување на поуспешна интеграција во Европската Унија.

Агенциите ќе соработуваат преку заеднички организирани состаноци, конференции, тркалезни маси и семинари со учество на стручни и вработени лица од двете Агенции, обуки, ангажирање на стручни лица за потребите на Агенциите, развој на заеднички иницијативи и склучување договор за привремена размена на вработени лица (on-the-job training), советодавни едукации на стручни лица и сл.



Склучената Спогодба овозможува здружување на заедничките напори за подобрено користење на претпристапните средства од ИПАРД и перспективно средствата од фондовите на Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (EARDF) и Европскиот земјоделски гарантен фонд (EAGF).

Склучувањето спогодби за соработка помеѓу агенции од овој вид е пракса во земјите кои ги користат средствата од претпристапните фондови и се во подготовка и воспоставување на систем за користење на пост пристапни ЕУ средства наменети за земјоделството и руралниот развој.